Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-6743/2
09.07.2024 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 344 став 1, член 345 став 1 и член 378 став 2 од Законот за трговските друштва, член 28 од Законот за супервизија на осигурување, член 20 став 3 точка 5, член 31 Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), Собранието на друштвото на својата седница, одржана на 09.07.2024 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за избор на членови на надзорниот одбор**
**и утврдување на времетрање на мандат**

1. За членови на Надзорниот одбор на Друштвото се избираат:
   - **Габор Лехел (Gabor Lehel),** како член на одборот;
   - **Андреја Јосифовски**, како член на одборот;
   - **Реинхард Гојер (Reinhard Gojer)**, како член на одборот;
   - **Филип Бардас (Philipp Bardas)**, како член на одборот;
   - **Кристоф Ратх (Christoph Rath)**, како независен член на одборот;
   - **Зоран Димов (Zoran Dimov)**, како независен член на одборот.
2. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае 5 (пет) години.
3. Согласно одредбите од Законот за трговските друштва, податоците за избраните кандидати на на Надзорниот одбор беа и се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото, како и на системот за електронски информации на котирани друштва на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
4. Членовите на Надзорниот одбор, кои се избираат со оваа Одлука, нема да примаат награда и/или надомест на други трошоци за вршењето на својата функција.
5. Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи одлуката за избор на членови на надзорниот одбор и утврдување на времетраење на мандат бр.02-7676/2 донесена на акционерското собрание на Друштвото одржано на 27.10.2023 година.
6. Се овластува Бошко Андов, како Претседател на управниот одбор на Друштвото, да преземе дејствија за упис на промена во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија, како и соодветно да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување.
7. Оваа Одлука влегува во сила со донесување на одлука за измена и дополнување на Статутот на Друштвото (пречистен текст) бр.02-5157/3-1 од 22.05.2024 година и по добивање на согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување за измена и дополнување на истиот Статут.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
**Претседавач**

______________________
**Ангел Шојлев**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP
1